РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ЈАВНА ПОКАНА

**за учество во технички дијалог за набавка на софтвер за сметководствено-финансиско работење**

1. Се повикуваат сите заинтересирани економски оператори да земат учество во спроведувањето на техничкиот дијалог.
2. Техничкиот дијалог се спроведува во согласност со член 43 став 5 од Законот за јавните набавки.
3. Техничкиот дијалог не е попстапка за јавна набавка туку е претходна постапка која има за цел составување соодветна и поконкурентна тендерска документација.
4. Понудените предлози од страна на економските оператори ќе бидат разгледани, но истите не мораат да бидат прифатени.
5. Учеството во техничкиот дијалог нема ефект во понатамошната постапка и не се смета за учество во изработка на тендерската документација.
6. Предмет на набавка е интегрирано и единствено софтверско решение за сметководствено и финансиско работење на буџетскиот корисник и неговите 28 единки корисници.
7. Секој заинтересиран економски оператор своите предлози и мислења ќе може да ги искаже (достави) или во писмена форма или усно на јавната расправа која ќе се одржи во просториите на Јавното обвинителство на Република Македонија на ден 29.09.2014 во 11,00 часот.
8. Пристигнатите предлози ќе бидат предмет на разгледување од страна на комисијата за спроведување на јавната набавка.
9. До сите економски оператори кои ќе земат учество во техничкиот дијалог ќе се достави записник од неговото спроведување.
10. Техничката спецификација може да се подигне од веб страната на Јавното обвинителство на Република Македонија. (www.jorm.mk )

**Комисија за јавни набавки**